Бр./Nr 12-342/2
26-04-2022 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 66-та седница одржана на 21.04.2022 година ја донесе следната

*О Д Л У К А*

Пријавата заведена под број 12-7485 од 31.12.2021 година, за објавен јавен оглас за вработување во Министерството за финансии - Царинска Управа со бр. 676/2021, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што ДКСК нема надлежност да ги следи објавените јавни огласи за вработување, а во пријавата нема јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност.

Предметот со број 12-7485 од 2021 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

*О б р а з л о ж е н и е*

Од страна на познат подносител, ---------------, електронски, преку е-маил на ден 31.12.2021 година поднесена е пријава во врска со објавениот Јавен оглас за вработување на државни службеници во Министерството за финансии- Царинска Управа и оформен е предмет број 12-7485 од 31.12.2021 година.

Во пријавата е наведено дека веќе се објавени јавни огласи во Министерството за финансии - Царинска Управа, за кои подносителот бара ДКСК да изврши проверка на нивната законитост, а особено конкретно наведениот оглас со број 676/2021.

Барањето се однесува на тоа ДКСК да утврди дали лицата кои ќе бидат вработени по завршувањето на постапката за споменатиот јавен оглас ќе ги исполнуваат условите предвидени за вработување.

Подоцна, на ден 25.01.2022 година, до ДКСК е доставено дополнување на пријавата во кое е наведено дека на споменатиот оглас за вработување на државни службеници биле

„планирани" да се вработат лицата ---------------, --------------- и други лица кои веќе биле ангажирани со договори на дело, додека пак блиски лица на пријавителот биле одбивани при постапките за вработување.

По разгледувањето на предметните наводи ДКСК утврди дека на ден 17.12.2021 година е објавен Јавен оглас со број 676/2021 за вработување на 8 (осум) државни службеници од група I во Министерството за финансии – Царнска Управа со посебно утврдени општи и посебни услови за секое работно место поединечно кои кандидатите треба да ги исполнуваат при аплицирање на јавниот оглас.

Јавниот оглас е објавен врз основа на член 35 од Законот за административни службеници („Сл.Весник на РМ" бр. 27/14..11/18) и Уредбата за спроведување на постапката за вработување на административни службеници („Сл.Весник на РМ" бр. 27/18), а во врска со член 20-г од Законот за вработени во јавен сектор („Сл.Весник на РМ" бр. 27/14...35/18) и Правилникот за задолжителните елементи на јавниот оглас за пополнување на работното место во јавниот сектор преку вработување и пријава за вработување, како и формата, содржината и начинот на водење на регистарот на лица кои дале лажни податоци при вработување во јавен сектор („Сл.Весник на РМ" бр. 34/15).

ДКСК констатира дека во случајот објавениот Јавен оглас со број 676/2021 ги исполнува законски предвидените услови за објавување на јавен оглас, како и поединечните услови кои се предвидени за секое работно место.

По ова ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај, од причина што ДКСК нема надлежност да ги следи објавените јавни огласи за вработување, а притоа во пријавата нема наведено јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изготвил: м-р К.З
Одобрил: С.П.Д, член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Нури Бајрами**